This project is funded by the European Union and implemented in partnership with UNDP and the Ministry of Environmentand Physical Planning.

**Натура Нова од Струмица во партнерство со Општина Струмица, организира:**

**ОБУКА ЗА СОБИРАЧИ И ПРЕРАБОТУВАЧИ**
**НА ДРУГИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ**
**Банско, 18 април 2019 година**

Проектот „ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ И БРЕНДИРАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПЛОДОВИ НА БЕЛАСИЦА“ организира еднодневна обука за собирачи, откупувачи и преработувачи *на* други шумски производи од регионот на планината Беласица, на ден **18 Април 2019 година, во Хотел „ЦАР САМУИЛ“ во Банско, со почеток во 11.00 часот.**

Обуката ќе ја спроведува „Пробио“ во соработка со Шумарскиот Факултет од Скопје и ЈП „Македонски шуми“ – ПСШ „Беласица“ од Струмица.

Содржината на обуката опфаќа стандарди за добра собирачка практика, законски прописи од областа, квалитет и чување на собраниот материјал и нивна финализација во брендирани производи.Обуката ќе опфати и актуелни теми за одржливо користење и заштита на природните ресурси на Беласица, и можностите за нивна промоција за економски развој во регионот.

Во рамки на обуката, учесниците ќе добијат „Прирачник за собирачи“ и Потврда (сертификат) за поминатата обука. Дополнителни информации за настанот може да се добијат на телефоните 071/227-286 Панче Николов и 071/671-295 Никола Ристов.

*Овој проект е дел од Програмата за подобрувањето на управување со заштитените подрачја, финансиран од Европската унија, а ја спроведува УНДП во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање. Целта на овие проекти е да помогне да се заштитат природните ресурси, истовремено подобрувајќи го и квалитетот на животот на локалното население.*

Funded by the European Union